Република Македонија
Министерство за животна средина
и просторно планирање

Република Македонија
Министерство за
животна средина
и просторно планирање

Бул."Гоце Делчев" бр. 8
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3251 400
Факс. (02) 3220 165
Е-пошта: infoeko@moepp.gov.mk
Сајт: www. moepp.gov.mk

Врз основа на член 24 став 7 од Законот за животна средина (Службен весник на Република Македонија бр.53/2005, 81/2005, 24/2007, 159/2008, 83/2009, 48/2010, 124/2010 и 51/2011), Директорот на Управата за животна средина при Министерството за животна средина и просторно планирање го издава следното

## РЕШЕНИЕ

За одобрување на Елаборат за заштита на животна средина

1. Со ова Решение се одобрува Елаборатот за заштита на животната средина со изготвен од страна на Петешева Јасминка од Штип – експерт за оцена на влијанието врз животната средина со лиценца број 07-374/8 од 13.01.2011 година, за објект - база за бетон и пратечки објекти во Општина Штип, за потребите на инвеститорот "БАУ ИНЖЕНЕРИНГ" ДООЕЛ од Штип.

2. Од доставената документација констатирано е дека со изградбата и работата на базата за бетон и пратечките објекти, нема да има значителни влијанија врз животната средина.

3. Инвеститорот се задолжува целосно и без исклучоци да се придржува кон пропишаниот режим и мерки за заштита предвидени во Елаборатот за заштита на животна средина, како и кон дополнителни решенија доколку низ изградбата и работата на објектот се покаже потреба од зголемен обем и вид на превенција.

4. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето.

Република Македонија
Министерство за животна средина
и просторно планирање

[redacted]

Република Македонија
Министерство за
животна средина
и просторно планирање

Бул."Гоце Делчев" бр. 8
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3251 400
Факс. (02) 3220 165
Е-пошта: infoeko@moepp.gov.mk
Сајт: www. moepp.gov.mk

## Образложение

Од Ваша страна беше доставен Елаборат за заштита на животната средина за објект – база за бетон и пратечки објекти во Општина Штип, за потребите на инвеститорот "БАУ ИНЖЕНЕРИНГ" ДООЕЛ од Штип.

Локацијата на објектот - база за бетон и пратечки објекти која е во сопственост на инвеститорот се наоѓа на КП број 213 КО Чардаклија, на м.в. "Солена вода" во општина Штип.

Предметниот Елаборат за заштита на животната средина изготвен од страна на Петешева Јасминка од Штип – експерт за оцена на влијанието врз животната средина е составен од текстуален дел и графички прилози, анализирани се сите неопходни компоненти, изворите и видовите на можни деградации и загадувања врз основа на што се димензионирани и дефинирани мерките за заштита на основните медиуми. Според наша оценка, проектираните заштитни мерки се апликативни и во целост ќе ги задоволат основните барања.

**Правна поука**: против ова Решение може да се поднесе жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на решението до министерот за животна средина и просторно планирање.

**УПРАВА ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА**
ДИРЕКТОР
**Филип Иванов**